**Меѓународна парламентарна стипендија**

**Дали се ангажирате во социјалниот, научниот или политичкиот живот на Вашата татковина? Дали сте спремни да учествувате во активното и одговорно формирање на иднината на Вашата земја? Дали би сакале да фрлите поглед зад «кулисите» на политиката и да ја доживеете демократијата од најблиска дистанца?**

Тогаш искористете ја можноста да учествувате во единствената на светот програма на Германскиот Бундестаг и на берлинските универзитети и да се кандидирате за Меѓународна парламентарна стипендија (IPS).

Во соработка со берлинските универзитети Германскиот Бундестаг секоја година им овозможува на околу 115 квалификувани млади луѓе од меѓувремено 25 земји, единствената прилика во светот да завршат неколкумесечен приправнички стаж во канцеларијата на член на Германскиот Бундестаг, па на тој начин да се запознаат со процесите на донесување на одлуки во германската политика и да соберат практично искуство во областа на парламентарната работа.

Цел на програмата е да се засили интересот кај младите кон демократијата и општеството, тие да бидат охрабрени и воодушевени за учествување во демократскиот живот. Меѓународната парламентарна стипендија (IPS) претставува долгорочна инвестиција во корист на зацврствувањето на демократските вредности и на толерантноста, а исто така ги унапредува културната разновидност и мирното заедничко живеење во Европа.

Денеска следните држави учествуваат во програмата: Албанија, Арменија, Азербајџан, Босна-Херцеговина, Бугарија, Естонија, Франција, Грузија, Казахстан, Хрватска, Латвија, Литва, Македонија, Молдавија, Полска, Република Белорусија, Романија, Русија, Србија, Словачка, Словенија, Чешка, Украина, Унгарија и САД.

Програмата IPS започнува на 1 март и трае вкупно пет месеци. Во центарот на стипендијата е приправнички стаж во траење од три и пол месеци во канцеларијата на пратеник од Германскиот Бундестаг. Освен тоа стипендиајнтите учествуваат во семинари на пет политички фондации и абсолвираат дополнителна академска програма организирана од трите берлински универзитети.

Учесниците добиваат од буџетот на Германскиот Бундестаг месечна стипендија во износ на 450,-- €. Стипендијата содржи исто така бесплатно станување во стан со три соби, кадешто стипендијантите живеат по двајца и преземање на трошоците за студентско здравствено осигурување, осигурување од последици на несреќен случај и осигурување од одговорност. Исто така ќе се надоместуваат патните трошоци до и од Берлин.

Други информации за програмата IPS и упатства за кандидирањето може да ги најдете на адресата www.bundestag.de/ips

Ве покануваме најсрдечно да учествувате во IPS и радосно ја очекуваме Вашата кандидатура.